## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

### од Петтото продолжение на Триесет и четврттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 28 март 2007 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собраниеот на Република Македонија, со почеток во 11,25 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да ги завземат своите места наскоро почнуваме.

Продолжуваме со работа по Триесет и четврттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Абдулади Вејсели, Блерим Беџети, Сафет Незири, Џеват Адеми, Рафис Алити, Теута Арифи, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Фазли Велиу, Садула Дураки, Зумрете Јакупи, Аднан Јашари, Азис Положани, Селвија Салиу, Ајше Селмани, Тахир Хани, Оливер Спасовски, Радмила Шекеринска, Илија Китановски, Валентина Божиновска, Владо Бучковски, Љубчо Георгиевски, Даут Реџепи, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Фијат Цановски и Зоран Витанов, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Продолжуваме со дискусија по 18-та - точка - Предлог за донесување на закон за рамномерен регионален развој.**

Продолжуваме со претресот.

Има збор госпоѓа Младеновска Ѓорѓиевска Мери, повелете.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Почитуван претседателе, почитуван господине министер, почитувани пратеници, овој Предлог за донесување закон за рамномерен регионален развој, навистина предизвика големо внимание кај сите пратеници, беше и до сега голем бројот на дискутантите. Имавме можност да ги слушнеме поединечно ставовите и на колегите и на пратеничките групи. Затоа јас ќе анстојувам во своето излагање да се задржам на некои точки, кои можеби не беа спомнати и оние прашања за кои што сметам дека навистина се важни и прашања кои што треба да ги разгледуваме, посебно што вомоментот станува збор за Предлог за донесување на закон. Ја утврдуваме во овој момент потребата, па сметам дека тоа што ќе биде кажано на седницата ќе придонесе во натамошната фаза за подобрување на текстот на законот. Ако се прочита текстот што ни е понуден, првин причините за донесување на законот, целите поради кои што треба да се остварат со овој закон и целата содржина, навистина не можам да одговорам на неопходните прашања што е тоа што Владата сака да го предизвика, или да го псотигне со овој закон. Самиот текст многу повеќе личи на гола декалрација, многу повеѓе на желба, а многу малку или воопшто не значи прецизирање на одредби, кои навистина ќе овозможат остварување на целите кои што се овде наведени и пропишани во почетниот дел на законот.

Еве ќе почнам со причините за донесување на законот. Во образложението стои дека законот се носи и поради преклопување на надлежностите помеѓу различни органи на државната управа во поглед на насочување на средствата за рамномерен регионален развој. Ако е навистина така, ако се констатира дека има поклопување на надлежностите помеѓу различните органи во овој момент, јас не се согласувам со тоа дека овој закон ќе ги реши тие проблеми, туку напротив сметам дека одредбите на законот кои предвидуваат воведување на нови правни лица, воведување на нови органи и вработување на нови лица во тие органи, дека ќе се овозможи тоа преклопување да престане. Напротив, мислам дека многу повеќе ќе настане преклопување, или ќе се зголеми преклопувањето на надлежностите. Подоцна ќе зборувам конкретно за сите оние институции и правни лица што се наведуваат. Потоа наведено е како причина за донесување на законот непостоење на национална стратегија или програма за единствено насочување на средствата за поттикнување или насочување на регионалниот развој, преку разните органи, фондови и министерства. Тоа е најмалку причина која може да користи како аргументација за донесување на закон, бидејки непостоењето на закон не е пречка за донесување на национална стратегија или програма. Со ова, не сакам да го оспорам постоењето на Законот, но го оспорувам во форма и на начин како што тоа е пропишано во овие одредби што ги читаме.

Потоа, е наведено дека не е обезбедена соодветна национална рамка за синхронизација, усогласување и заедничко насочување на активностите и средствата на државните органи во правец на остварување синергиски ефекти од вложувањето во развојот на подрачјето со посебен статус. Исто така и ова не е причина која што служи како аргументација во прилог на подршката на рамномерниот развој. Ако се наведува дека една од основните цели на Владата е рамномерен регионален развој на нашата држава, морам да потсетам дека постојат различни искуства во околните земји и во земјите членки на Европската унија за тоа кој критериуми се важни за дефинирањето и прецизирањето на регионите за кои што се обезбедува рамномерен регионален развој. Значи, има различни држави, различни искуства и еве за пример ќе ја спомнам Италија за да укажам дека бројот на жителите во еден регион не е основниот параметар кој треба да се има предвид при групирањето на регионите, заради важноста на секој регион по некои други критериуми, освен бројо тна гласачите, односно бројот на лицата кои што живеат таму. Италија ја спомна и колегата Никола Поповски, како држава со 56, 3 милиони жители, има 20 региони и разликата во тие 25 региони по бројот на жители е огромен, почнувајќи од Валдаостав со 123 илјади жители, преку Трентина со 962 илјади жители,

Умбрија со 815 илјади жители, преку Сицилија со 5 милиони 87 илјади жители со Латвија 5 милијона 270 илјади жители, со Пуља 4 илјади, Кампања 5 милиони и 700 илјади жители, завршувајќи со Ломбардија како најголем регион со 9,5 милијони жители. Значи, се укажува дека бројот на жителите не е основен критериум по кој треба да се врши регионализација. Секако, ние не треба да се споредуваме со Италија, затоа што секоја земја има свои специфики, своја култура, традиција. Таму историјата покажува дека е настаната државата со здружување на регионите, меѓутоа, треба тие податоци и информации да ни користат со тоа што ние ќе го дефинираме како наша цел, за да знаеме што треба да постигнеме и да најдеме начин како да го псотигнеме тоа што сакаме да го псотигнеме. Токму затоа, се согласувам со оние коелги кои во своите дискусии го оспоруваа ова групирање што овде се наведува како бројка од 8 и дали е ова решение тоа што е понудено е навистина и ќе ни овозможи нас рамномерен регионален развој. На ова укажува и самата содржина на законот, почнувајќи од одредбите што се однесуваат на развојот, значи плански документи за регионален развој, почнувајќи од стратегијата, програмата и планот за развој.

Мислам дека оваа структура на некој начин би рекла од самиот закон произлегува и хиерархиска структура на акти, кои треба да овозможат регионален развој, е направено само со цел да се овозможи зголемвување на бројо тна институциите кои ќе ги изготвуваат, кои ќе ги донесуваат и ќе ги усогласуваат овие акти, за да може да се оправда ова со зголемвување на бројот, како што спомнав, на правните лица, но и на администрацијата што ќе биде вработена. Затоа се сомневам дека намерата на Владата е искрена и дека намерата е токму рамномерен регионален развој, затоа што сметам дека преку оваа формулација настојувањето е со законот да се овозможи зголемување на бројот на вработувањата во администрацијата преклопување уште повеќе на надлежностите кои сега постојат, да се овозможат партиски вработувања, од страна на партиите кои ја сочинуваат коалицијата. Затоа, не се согласувам со одредбите кои ги дефинираат носителите на рамномерниот регионален развој, почнувајќи од Советот за рамномерен регионаленр азвој, завршувајќи со Советот за развој на планскиот регион и Центарот за развој на планскиот рагион. Ако во ова хиерархија примат се дава на Советот за рамномерен регионален развој, не можам да се согласам дека овој Совет треба да се формира, дека Владата на Република Македонија формира Совет за рамномерен регионален развој на Република Македонија, а дека составот и начинот на работа на Советот за рамномерен регионален развој се уредува со акт на Владата на Република Македонија, затоа што ова ќе значи ништо друго, туку ангажирање на лица блиски до партијата, или членови на партијата кои ќе ги дефинираат приоритетите кои ќе значат регионален развој. Овој Совет значи нема дефинирана структура и овој закон со ваквите одредби го покажува тоа на што ние до сега повеќе пати реагиравме дека Владата настојува да го замени законодавниот дом и да овозможи преку подзаконските акти, кои се дефинирани во законите да го земе тој примат и да биде извршна власт и законодавна власт. Затоа што законите имаат одредби во кои за клучни прашања се предвидува да се одлучува со подзаконски акти и акти кои во најголема мера, треба да ги носи Владата.

Сметам дека Собранието како законодавен дом треба да се држи до своите надлежности што ги има во Уставот и таа привилегија треба да ја задржиме за нас, а не за Владата, чии надзор вршиме. Значи нема никаква структура за овој Совет и во Советот може да биде секој без никакви критериуми, туку критериумите дополнително ќе ги определува Владата и ќе си става свои блиски лица. Ако ги имаме предвид надлежностите на овој Совет за рамномерен регионален развој, јас не се согласувам дека тој Совет, за кој во моментот не знаеме каква структура и каков состав ќе има, да има примат над Министерството за локална самоуправа, затоа што Министерството за локална самоуправа во членот 15 каде што се наведени носителите на рамномерениот регионален развој е наведен како орган, после Советот за рамномерен регионален развој, при што после е наведено и Бирото за рамномерен регионален развој. Навистина, сметам дека овие одредби апсолутно не држат и дека треба да бидат променети.

Бирото за рамномерен регионален развој, наведено е во натамошниот текст дека ќе се именува како Биро е во состав на Министерството за локална самоуправа во својство на правно лице. Да потсетам дека организацијата и начинот на работа на органите на Државната управа е пропишано со Закон за организација и начин на работа на органит ена државната управа и таму како орган во состав на Министерството за локална самоуправа е наведено Бирото за стопански недоволно развиените подрачја. Овој закон се носи со мнозинство од дветретини гласови на пратениците во Собранието. Затоа сметам дека без измени во Законот за организација и работа н аорганите на државната управа дека не може со овој закон да се врши менување на називот и надлежностите на органи во состав на министерствата, не само во рамките на Министерството за локална самоуправа, туку во било кои други органи.

Исто така не може со овој закон да се дефинираат надлежности, кои што нема да бидат усогласени со Законот за организација и работа на органи на управа и затоа сметам дека на овие одредби овде не им е местото. Прво треба да го смениме Законот кој што се носи со двотретинско мнозинство, а потоа да се вршат измени во овие одредби.

Потоа во самио текст на законот се наведува и Советот за развој на планскиот регион дека донесува план за развој на планскиот регион, а планот го изготвува Центарот за развој и т.н. а

центрите имаат својство на правно лице, па тие ќе имаат и раководители, кои што ќе се избираат по пат на јавен конкурс од страна на Советот за развој на планскиот регион и т.н. Со еден збор, сакам да кажам дека со законот толку многу се испреплетени надлежностите, законот нема никаква структура, ниту хиерархиска поставеност која би требало да соодветствува на надлежностите и сметам дека од начинот на кој што е предвидено да функционира, уште повеќе ќе се заплеткаме во тоа кој за што е одговорен и кој за што е надлежен, затоа што законот не одговара на едно многу значајно прашање, кое мислам дека треба да биде основно, а можеби и вешто и намерно тоа го прави Владата, не одговара на тоа прашање, а тоа е прашањето за двостепеноста на локалната самоуправа. Дали овој закон значи воведување на двостепена локална самоуправа, или не значи такво нешто. Дали тоа сега се премолчува, за да може понатаму со некои други акти да се каже дека да, за овие прашања ќе имаме двостепена локална самоуправа, а за овие нема да имаме. Ова не се прави на тој начин. Ние не може овде релевантно да расправаме и да донесеме релевантни одлуки, ако немаме одговор на основните прашања, затоа што од законот, од причините, или од образложувањето на потребата за носење на овој закон се наведува дека треба да се овозможи поедноставување на постапките и т.н., меѓутоа, никаде овде немаме предвидено начин на постапување од страна на овие центри за развој, од страна на советите и т.н. за кои прашања одлучуваат, туку само декларативно се наведува дека расправаат, одлучуваат за прашања поврзани со регионалниот развој. За секое прашање и за реегионалниот развој се расправа и се носат мериторни одлуки во одредена форма. Треба да се наведе во законот кои се тие акти што ги носат и што значат тие акти во структурата на актите на единиците на локалната самоуправа. Во спротивно, ние ќе се доведеме во ситуација кога навистина нема да се знае за кои прашања се одговорни единиците за локална самоуправа, градоначалниците и овие совети кои ќе се формираат во сите региони. Советот за развој на планскиот регион, во чии состав влегуваат градоначалниците, што се градоначалници во единиците на локална самоуправа од составот на одреден регион. Мене навистина не ми е јасно на кој начин планира Владата да ги реши овие прашања. Или се крие тука нешто друго, меѓутоа ние мора да дефинираме и да укажеме дека не е законот добро решение во однос на овие значајни прашања, кои потоа во пракса може не да не приближат до рамномерниот регионален развој, туку уште повеќе да не оддалечат, а мислам дека тоа не е цел ниту на пратениците, ниту на политичките партии. Затоа сметам дека овој Предлог за донесување на закон претставува само една иницијатива за да се размислува во натамошната фаза како да се дојде до решенија кои ќе значат развој во Република Македонија, дали на региони, дали на поединечни центри, развој на економијата во интерес на граѓаните на Република Македонија, а на страна да се оставаат партиските интереси, кои ќе значат само афирмација на партискит еинтереси на партиите од власта и вработување во овие правни лица на партиски војници. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За збор се јави господинот министер за локална самоуправа, повелете.

**Зоран Коњановски:** Благодарам претседателе, почитувани пратеници, мислам дека дискусијата на пратеникот Младеновска ќе беше многу покорисна ако се одвиваше пред една или две години во рамките на Владата на Република Македонија, затоа што овој закон требаше да биде донесен од Владата на Република Македонија уште првиот квартал 2006 година, согласно Националната програма за усвојување на правото на Европската унија. Многу покорисна ќе беше оваа дискусија да се одвиваше во рамките на Владата на Република Македонија. Беа наметнати некои дилеми дека законот е гола декларација, дека е само пуста желба, дека ќе има нови органи, нови вработувања, па можеби и зошто ни е законот потребен, потребна ни е стратегија. Да, точно е тоа стратегијата веќе почнавме да ја работиме, иако требаше, повторно ќе кажам, да размислуваме таа стратегија неколку години порано да почнеме да ја изработуваме. И од Сицилија, Пуља и Ломбардија, јас ќе се вратам на нашите статистички региони, кои морам да кажам дека се според законот донесени во согласност со нуц-3 стандардите и дека тие се препознаени од Европската унија, што ќе ни овозможи лесно да го комуницираме овој закон со тие статистички, односно планско-развојни региони.

Мислам дека е многу јасна целта на законот и доста добро беше образложено и од мене и од други пратеници дека целта е во Република Македонија да имаме еден плански приод кон рамномерниот регионален развој. За жал, повторно ќе кажам, дека бевме сведоци во изминатите периоди на неадекватен и нерамномерен приод од страна на Централната власт од одредени единици на локалната самоуправа или кон одредени региони во Република Македонија и бевме сведоци на едно такво однесување што во последните неколку години одредени градови, одредени општини беа ставени буквално на црна листа на Владата на Република Македонија и многу малку средства се прелеваа кон тие општини.

Зошто тогаш немавме критериуми и зошто тогаш не разговаравме по кои критериуми од одредени министерства се слеваат пари во буџетитите на единиците на локалната самоуправа. Сега, кога сакаме да изградиме критериуми, овој закон не чини. Мислам дека не е коректно ваквиот пристап на дискусија на еден пратеник, кој, морам да кажам дека беше министер во Владата на Република Македонија.

Сакам да напоменам дека ќе има јасно утврдени критериуми за развиеност на регионите врз

основа на тие критериуми ќе се определуваат средства кои ќе можат да се користат исдклучиво доколку единиците на локалната самоуправа и советите за развој на планскиот регион приложат соодветни проекти. Значи, ќе имаме проектен пристап кон доделувањето на средствата и точно ќе се знае кој регион во Република Македонија колку средства ќе може да намени за имплементација на законот за рамномерен регионален развој.

Јас и на самиот почеток кога го образлагав законот кажав дека можеби намерно се оставени некои празнини за да го искомуницираме овој закон и со јавноста и со пратениците. Таков е случајот со Советот за рамномерен регионален развој. Меѓутоа, мислам дека не ја препознавте идејата. Јас ја слушнав вашата критика, меѓутоа, не го слушнав вашиот предлог. Кој е вашиот предлог каков да биде составот на Советот за рамномерен регионален развој. Ние ќе отвориме дебата со стручната јавност и со пратениците, ќе одиме од регион во регион да го објасниме тоа. Ние имаме визија како тоа да го направиме, меѓутоа, многу повеќе ќе ни помогневте ако вие кажевте која е вашата визија, кој е вашиот конкретен предлог за составот на Советот за рамномерен регионален развој.

Напоменавте, не знам, можеби зад овој закон се задскрива некои партиски вработувања, нови институции, единствено нови правни лица ќе бидат центрите за рамномерен регионален развој кои ќе бидат финансирани, според овој закон, 50% од Централниот буџет, 50% од буџетите на единиците на локалната самоуправа. Во нив се предвидува, во сите 8 региони, скромни 40-тина луѓе кои ќе бидат и те како од помош на единиците на локалната самоуправа за помош при изготвување на планските документи за презентација на програмите и проектите на самите региони.

Јас знам дека единиците на локалната самоуправа не можеа да го направат и ова треба да се свати само како една техничка помош на самите региони и единиците на локалната самоурпава за што е можно да имаат поефектни проекти кои ќе бидат поконкурентни, ИПА фондовите и луѓе кои ќе работат таму и ќе се грижат за презентација на економските политики на самите региони.

Напоменавте нешто дека можеби зад овој закон се задскрива некоја идеја за воспоставување на ново ниво на власт или двостепена локална самоуправа. Навистина нема да дозволам да се искриви една убава слика за овој закон со вакvите тврдења. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам,

Реплика има гопоѓа Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, повелете.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Благодарам претседателе,

Морам да го потсетам министерот дека Владата одговара за својата работа пред Собранието, дека пратениците поставуваат прашања на министрите, а не обратно.

Членовите на претходната Влада одговараа пред пратениците од претходниот состав, но не врз основа на одговорите, туку врз основа на работата на претходната Владата на Република Македонија го доби кандидатскиот статус за членство во Европската Унија кој процес оваа Влада не само што го држи во место, туку го уназадува.

Но, реков, пратениците се тие кои поставуваат прашања, тоа треба да го знаат министрите и на тој начин да се однесуваат овде во Парламентот.

А, за тоа што јас работев лично како министер, бидејќи бев поименично спомната, зборуваат работите кои се направени во Министерството за правда во тој период. Нема да ги споменувам, бидејќи сметам дека се општо познати.

Министерот спомна дека имаат визија за Советот како треба да биде составен, меѓутоа, тоа не го напишале во законот. Значи, ако имаат визија, тогаш требало во овој Предлог за донесување на закон да ја видиме таа визија и да ја имаме структурата, а да не се остави тоа да се реализира со акт на Владата кој ќе биде правен исклучиво врз основа на партиски интереси на владеачките партии врз основа на коалиционите интереси.

Реков Собранието е законодавен дом и Собранието треба да одлучува за овие прашања. Никаку поинаку.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам,

Контра реплика има господинот министер за локална самоуправа, повелете.

**Зоран Коњановски:** Ќе бидам краток.

Точно е тоа имаме визија како треба да изгледа Советот за рамномерен регионален развој. Меѓутоа, очекував од дел од пратениците да помогнат со нивните размислувања за да можеме да го дефинираме точниот формат на Советот.

Јас напоменав дека овој закон оставивме простор за да можеме да го комуницираме со јавноста, со пратениците, со експертите и мислев дека ќе ни биде од помош, меѓутоа, повторно ќе кажам, јас не слушнав конкретен предлог освен критика како треба да изгледа Советот за рамномерен регионален развој. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Гарип Каба, повелете.

**Гарип Каба:** Ви благодарам господине претседател, почитувани пратеници,

Денес сме при завршување на дискусијата за Предлог законот за рамномерен регионален развој. Овој Предлог закон во целост ги исполнува стандардите и критериуните за еден посоодветен пристап за развој на Републиката во согласност со европските стандарди.

Сакам да дадам едно објаснување или толкување на паралелата или споредбата која се прави од страна на предлагачот помеѓу зоните или определените региони на територијата на

Република Македонија. Мислам дека не држи констатацијата дека југозападниот дел и регионот на Полог на Републиката се поразвиени. Ова поради фактот што многу државни ресурси, индустриски кои биле во функција и кои помагале на цели семејства да обезбедат егзистенција, денеска се затворени, не функционираат. Затоа што беа продадени или украдени на перфиден начин од подготвувачите на "Зелениeто план" и на "Октоподите" на монистичката политика. Оваа политика уништи цели фабрики не само во регионот каде живеам јас, туку на цела територија на Република Македонија.

Кога се говори за албанците тие и така беа непочитувани, без перспектива во времето на поранешниот монистички систем како резултат на константната дискириминација тие беа принудени да го земат патот на печалбата и тоа во масовен обем. Како резултат на плодната работа со цели децении тие создадоа капитал кој за пошироката јавност создава впечаток дека албанците се збогатиле многу брзо.

Меѓутоа, со градењето на убавите палати и со ситните инвестиции во приватниот сектор не може да имаме јасна слика за една зона или за еден определен регион.

Значајно е да се спомене еден факт дека граѓаните кои немале перспектива, кои биле дискриминирани од државата како во областа на вработувањето во институциите така и во државната администрација до 90-тите години и подоцна се двоумеле да се симнат во урбаните зони за да се развиваат со понормални стандарди.

Овие толкувања ги давам се со цел да фрлам сомнеж на тоа што го кажаа некои претходници за идејата на рамномерниот развој на определени региони во Републиката. Изразува желба актуелната Влада и главните претставници на соодветните министерства во конкретниот случај Министерството за локална самоуправа да направи максимален напор да ги помогнат граѓаните од позаостанатите зони како на пример Зоната на Пелагонија која е оставена на страна и да се помогнат разните инвеститори за да им се овозможи обезбедување на заштитни критериуми за нивните инвестиции што можат да ги направат во разни проекти. Факт е што оваа зона е позната како амбар на житото и како основа или база за производство на тутун.

Сакам исто така Министерството за локална самоуправа заедно со Бирото за инвестиции во определени региони да направи отворање на центри за регионален развој во места или општини кои се помалку развиени, како заклучок.

Парламентарната група на ДПА ќе даде поддршка и ќе гласа за овој закон со забелешките и позитивните дополнувања на усовршување и имплементација која ќе биде поуспешна од овој Предлог закон. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Владимир Ѓорчев, повелете.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам претседателе,

Законот за рамномерен регионален развој е предвиден за донесување со Акцискиот план за Европско партнерство од 2006 година. Исто така со Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија која е дел од НПАА, исто така Програма за работа на Владата на Република Македонија за 2007 година.

Пред неа е преземена обврска која се усвојува.

Законот за рамномерен развој веќе се носи во две фази и гледаме дека една од тие фази во моментот ја поминуваме во Собранието.

Аргументацијата за потребата од законот за рамномерен регионален развој е повеќе од очигледно, тоа дека досега прв пат се уредува со закон и тоа на интегрален начин.

Второ, дека законот за рамномерен регионален развој го промовира полицентричниот модел во економскиот, социјалниот и културниот развој.

Трето, дека се предлага воспоставување на плански региони кои се поклопуваат со статистичките региони, значи согласно номенклатурата на Европското статистичко биро ЕУРОСТАД.

Четврото, дека регионалниот развој односно структурата на носителите на политиката на регионален развој и нивното функционирање и имплементација на планските документи овозможуваат примена на начелото на партнерство помеѓу централната, локалната власт, невладиниот сектор, граѓанските здруженија, стопанските комори и бизнис секторот.

Понатаму, дека кофинансирањето и спроведувањето на мерките на политиката на регионалниот развој овозможува ефикасно користење на средствата од Буџетот на Република Македонија, буџетите на единиците на локалната самоуправа, фондовите на Европската Унија и другите странски извори, како и средства од домашни и странски правни и физички лица.

Исто така законот овозможува создавање на кохерентен систем на структури и инструменти за водење на одржлива политика за рамномерен регионален развој што треба да доведе до намалување на социјалните и економските разлики помеѓу одредени региони во Република Македонија, секако разлики кои не можат никако дефинитивно да се надминат, но во секој случај да се намалат.

Зачувување и развивање на посебниот идентитет на планските региони и општините како и нивна афирмација. Понатаму надминување на хипертрофијата центар-периферија.

Економска и социјална консолидација на подрачјата со специфични развојни потреби.

Понатаму заштита, унапредување и максимално искористување на природното и создаденото богатство.

Во науката наједноставна дефиниција на регион подразбира дел од простор кој се разликува од

околината во зависност од природните особености и општествениот развој, а поимот претставува методиска постапка за издвојување на такви целини во дадениот простор.

Значи, аргументите се бројни и конкретни, европски утврдени и ова Собрание треба всушност да го усвои и да го потврди она што го имаме како желба и како стремеж како држава, а тоа е да имаме рамномерен регионален развој.

Ваквиот закон е потреба, мислам дека регионите се една логичка целина и мислам дека ќе усвоиме односно ќе потврдиме една работа која е корисна и добра во функција на вкупниот развој на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претрес и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Прво, Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за рамномерен регионален развој.

Второ, Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон за рамномерен регионален развој при што ќе ги има во предвид предлозите и мислењата содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

Трето, овој Заклучок заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и до Министерството за локална самоуправа.

Со оглед на тоа дека денеска Собранието работи под специфични околности, дека во соседната сала се одржува една исклучително актуелна и важна работилница, предлагам на координаторите и на замениците на групите да направат напор, а тоа ќе го сторат и службите, евентуално се синхронизира ситуацијата и таму на работилницата да се дадат пет минути пауза за да овде имаме доволен кворум за гласање.

Во Собранието има доволен број пратеници само што сме поделени.

Значи, како што velеше мојот претходник, нека речеме 10 минути за кворум.

(Пауза од 12,03 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 12,05 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Предложениот Заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 62 пратеника, за гласале 61, воздржано гласал 1, против нема.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот Заклучок.

**Минуваме на точката 19 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за оружјето, со Предлог на закон.**

Молам службите уште еднаш да достават точен број на присутни пратеници.

Предлогот за донесување на законот, со Предлог на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор Рефет Елмази, заменик министер за внатрешни работи, повелете.

**Рефет Елмази:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Во врска со Предлог-законот. Во легислативата на Република Македонија материјата што се однесува на оружјето е регулирана со Закон за оружје. Имено, со овој Закон се уредуваат условите за набавување, поседување, носење, чување, производство, поправање, промет, превоз и пренесување преку државна граница на оружје и муниција, односно одредбите на овој Закон не се применуваат на вооружувањето и воената опрема, како и на оружјето и муницијата наменети за потребите на Министерството за одбрана, Армијата на Република Македонија, Министерството за внатрешни работи, казнено поправните установи и други државни и правни лица утврдени со посебни прописи. По донесувањето на предметниот закон од страна на невладините организации во повеќе наврати беше критикуван овој закон за оружјето. Имајќи ја во предвид целата група на која се однесуваат одредбите на овој закон и особеното влијание на невладиниот сектор при креирањето на политиката на една држава, во Министерството за внатрешни работи се формира работна група која имаше задача да изврши анализа на сите одредби на овој закон и да утврди дали има потреба за изменување и дополнување на содржината на овој закон. Во работата на наведената група покрај претставници на МВР учествуваа и претставници на две невладини организации и тоа Националната асоцијација за оружје и програма на ОН за развој. Заради квалитетно подобрување на предметниот закон кој во својата содржина обилува со специфични технички поими во периодот од јуни до декември 2006 година работната група се состана неколку пати при што претставниците на невладиниот сектор имаа можност да ги дадат сите забелешки. Кон предложените изменувања и дополнувања на предметниот закон се пристапи заради одредено нивелирање на содржината на предметниот закон во согласност со духот на одреден протокол за борба против недозволено производство и трговија со огнено оружје, делови и муниција кој ја дополнува Конвенцијата на ОН за борба против транснационалниот организиран криминал чија постапка за ратификација е отпочната и кодексот на Европската унија се однесува за извоз на

оружје од 1998 година. По донесувањето на Законот за оружје Република Македонија ја прифати и заедничката позиција на Советот од 23 јуни 2003 година за поседување, трговија со оружје  што предизвикува потреба од соодветни нормативни интервенции во предметниот закон. Одредбите на овој закон во значителна мера кореспондира со меѓународните инструменти и законодавството на земјите во Европската унија, односно во содржината на постојниот Закон е инкорпорирана содржината на директивата за контрола за набавување, поседување на оружје на Советот на Европа. Во делот на категоризација на оружјето на предметниот закон беа целосно инкорпорирани видовите на оружје предвидени со наведената директива, но истите не беа распоредени во категориите со истиот распоред. Со тоа постоеше можност за создавање на одредени проблеми при пренесување оружје за кое е издаден документ за негово носење согласно типизација на оружјето од предметната директива. Поради наведените причини се извршија соодветни прераспоредувања на видовите на оружје  во постојната законска квалификација. Имајќи во предвид законскиот рок до 2007 година, значи 27.5.2007 година за усогласување на казнените одредби од Законот за оружје, Законот за прекршоци се врши утврдување нов вид на прекршочни санкции. Од овие причини се предлага донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за оружје, со Предлог на закон.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор госпоѓа Мери Младеновска-Ѓорѓиевска.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Почитуван претседателе, почитуван претставник на Владата, почитувани пратеници,

На почетокот ќе кажам дека јас како пратеник ќе ги поддржам овие измени и дополнувања на Законот за оружјето. Не сакам да кажам дека овој текст што е понуден е идеален, но мислам дека треба да ги следиме развојните тенденции, сето тоа што значи подобрување на текстот на Законот. Но, да се согласиме и со оние слабости кои што постојат, да ги посочиме, а секако за одредени прашања и конкретно за едно прашање, јас со колегата Есад Рахиќ имаме поднесено амандман, па кога ќе биде расправата по амандманот ќе зборувам и за тоа.

Да потсетам дека во однос на легислативата на Република Македонија материјата што се однесува на оружје е регулирана со Закон за оружје од 2005 година, 2006 година. И тука во образложението на причините наведено е дека имало одредени забелешки по тој текст на закон и дека потребно е да се прават одредени измени и дополнувања, затоа што имало реакции на таа содржина и дека сега овој закон значи подобрување на текстот. Можеби е така во однос на забелешките кои што стоеле. Јас реков ќе се заложам и за тоа таму каде што е констатиран некаков недостаток тоа да биде решено и надополнето. Меѓутоа, се соочуваме со една ситуација во овој текст на измени и дополнувања постојано да ни биде наведено дека во измените, во изготвувањето на овие измени и дополнувања учествувале претставници на Националната асоцијација за оружје и програма на ОН за развој УНДП.  Добро е тоа што Владата, тоа го правеше и претходната Влада, соработува и со невладиниот сектор и со меѓународни фактори итн, тоа може да помогне во изготвувањето на законите. Но, мислам дека од она што овде е наведено и од  начинот на кој што е напишано образложението произлегува дека Владата на одреден начин сака да се искулпира. Па ако сега нешто не  е добро, тогаш не сме ние виновни, туку овие што учествуваа во работата на Законот. Не знам зошто е тоа така направено. А овој заклучок го темелам врз податокот што ова е наведено небаре на секоја страна во образложението на текстот и во предниот дел и во образложението на крај и во причините поради кои што се предлага донесување на законот. Затоа сакам да укажам дека Владата овде како предлагач, Владата требала да одлучи што е тоа што партнерите со кои што го работела Законот е добро, или не и ако нешто прифаќа како решение, одговорноста понатаму и пред Парламентот е на Владата, а не на другите учесници во постапката. Реков, ја поддржувам таа соработка, тоа е добро, меѓутоа не поддржувам некој друг да биде одговорен за тоа што ни се нуди како текст, туку имаме предлагач кој треба да си ја преземе таа одговорност. Ако веќе е потпишан министерот за внатрешни работи на предлогот доставен до Владата, а Владата потоа го препраќа до Собранието како овластен предлагач на текстот, мислам дека тоа прашање треба да е неспорно. Добро е тоа што и заменикот министер го укажа, дека потребите за измени се како резултат на измени во ставови и препораки од страна на Европската унија кои што се дополнително донесени и усвоени. Па како резултат на тоа произлегуваат овие измени, а подобро е ние како Република Македонија и тоа е добро ако го правиме на време, би било добро ако и во други сегменти наместо да доцниме така како што доцниме, а тоа секојдневно ни се забележува од меѓународните фактори да ги исполнуваме обврските на време и да се приближуваме кон законодавството на Европската унија. Во случајот тоа е заедничката позиција на Советот од 23 јуни 2003 година за посредување во трговија со оружје што значи предизвикува потреба од соодветни нормативни интервенции во предметниот закон. Во одредени сегменти има подобрување кои што се, можам слободно да кажам во голема мера терминолошки усогласувања, па дури и јазични редакции, што исто така мислам дека е добро и ако треба да се сообрази терминологијата, тоа е добро.

Меѓутоа, има и прашања, не знам дали баш на соодветен начин се регулирани и дали на соодветен начин ќе придонесат за безбедноста на граѓаните, затоа што мислам дека тоа е прашање на кое што, со овој закон секако се интервенира, за што сме сите заинтересирани.

Има одредена дефиниција, проширена дефиниција на тоа што е “јавно место”, бидејќи е забрането со законов несење на оружје на јавни места, па се наведува дека под јавно место се подразбираат и просториите каде што е сместен Претседателот на државата, на Собранието, на Владата, судови, Уставен суд и тн. Мислам дека тоа не е баш соодветна формулација.

Времето за амандмани, поради начинот на кој што се работи овде во Парламентот и динамиката не ни овозможува буквално за секое прашање за кое што имаме забелешки да дадеме амандман, затоа што сме оптоварени со секојдневните седници и сме постојано во таа динамика што можеби намерно ја прави позицијата, но, за тоа можеме да интервенираме и да кажеме, па можеби и Владата со свој амандман, додека трае расправата да интервенира. Затоа што не може да се поистоветат овие простории со јавно место како што се улици, плоштади итн.

Се согласувам дека треба да биде забрането носење оружје во овие институции, меѓутоа формулацијата би рекла дека е некако непристојна, да се поистоветуваат овие простории со улици, плоштади итн.

Класификацијата на видовите оружја, јасно е дефинирана. Во тие стручни делови, за кои што морам да признам дека Владата нема доволоно стручни познавања да ги аргументира. Но, сакам да укажам дека овој закон, навистина треба да се овозможи да се применува во пракса. Дури во една од одредбите е дефинирана забрана за носење и употреба на оружје од лица кои за тоа имаат дозвола, во услови кога ќе се доведат потоа во алкохолизирана состојба, под дејство на опијати итн. Дека тоа не ги ескултира, тоа е познатво во кривичното право како акциона либера ин кауза, дејствија слободни во причината. Но, мислам дека треба Министерството за внатрешни работи да прави многу повеќе да не се доведеме во таква ситуација. Затоа што, ако се случи тоа, тогаш најмала работа е одговорноста на лицето што се довело во таква ситуација, па и неговата одговорност со мерките што се предвидени во законите.

Со ова сакам да укажам и да апелирам до Владата и до Министерството за внатрешни работи да ја обезбеди примената на законот, за да биде тоа во интерес на граѓаните. Тука се мноштвото и подзаконски акти, дискреционите овластувања на министерот за внатрешни работи кој, мораме да укажеме, свесни сме, тоа било така, јас не велам дека мора да се укинат, бидејќи има сегменти каде што воопшто не може да се укинат и треба да имаат министрите дискрециони овластувања, а тоа е извршната власт, тоа е функцијата на извршната власт, меѓутоа мора да има механизми на контрола за да не се доведеме во ситуација да се злоупотребуваат тие дискрециони овластувања.

Значи, апелирам за почитување на дискреционите овластувања, начинот на кој што ќе се донесат актите, подзаконските акти, но и нивната примена.

Точно е и тоа дека во Министерство за внатрешни работи, поради тежината и одговорноста воопшто во ресорот, поради многу те дискрециони овластувања, поради огромниот број подзаконски акти, а посебно, поради посебно огромниот број на лица кои учествуваат во имплементирањето и примената на тие подзаконски акти, имаме разновидни состојби. Но, ако сакаме и тие состојби може да се надминат и да се решат. И, ако сакаме, навистина, на граѓаните да им овозможиме да живеат во мирна држава, во безбедна држава, треба да се почне од вработените во Министерство за внатрешни работи кои на законит начин, на транспарентен начин ќе ги користат своите овластувања и кои, во сите постапки што се наведени, голем дел од нив и предвидени во Законот за оружје и во овие измени и дополнувања, ќе се држат исклучиво до законот, за да не се доведеме во ситуација да им бидат давани дозволи на оние кои најмалку го заслужуваат тоа. А, прашањето за нивната одговорност, кога нешто ќе се случи, реков дека е најмалата работа. Кога ќе настанат штетни последици, тогаш сме свесни сите дека тешко се надоместуваат. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Сега, збор има господин Павле Трајанов, повелете.

**Павле Трајанов:** Почитуван претседателе, почитуван заменик министре, почитувани пратеници,

Еве, јас сакам накусо да се осврнам на овој законски проект, на промените што се предлагаат во законот за оружје, но мислам дека промените што се во делот на овој закон, што се нудат овие промени, тие се во ред и јас ги поддржувам промените, без разлика на тоа што тие се резултат на барање на интересни групи или невладини организации кои имаат свој интерес. Мислам дека е тоа сепак за почитување, бидејќи тие директно се вклучиле во формулацијата на некои законски решенија.

Јас сакам да отворам едно друго прашање, сега, кое што со овие измени и дополнувања не се отвора. Тоа е содржано решение во членот 9, околу оправданата потреба за набавка или поседување оружје.

Мислам дека ова прашање и натаму останува, како што беше и до сега во Законот, тука пред се доаѓа до израз дискреционото право на министерот на внатрешни работи. Ако во законот не стои точно кога граѓаните можат да остварат вакво право, а кога не ги исполнуваат законските услови и критериуми, тоа право не можат да го остварат, мислам дека на тој начин и натаму јакне дискреционото право на Министерство за внатрешни работи. Еве, во расправата и претходниот пратеник го поддржа на некој начин дискреционото право.

Јас сакам да укажам дека сум исклучиво против дискреционото право на министерот за внатрешни работи, затоа што овде се прави селекција на граѓаните по слободно уредување на министерот за внатрешни работи, дали некој има оправдана причина, за набавка, поседување и носење на оружје или пак нема.

Мислам дека тука се прават најголемите злоупотреби, бидејќи се врши селекција на граѓаните, негативна селекција. Можеби за тоа треба да се размислува во иднина, Владата ова прашање посебно да го проучи или Министерство за внатрешни работи, се со цел, полека да ги укинуваме дискреционите права. Без разллика на тоа што се работи за стекнување со право за поседување и носење на оружје, мислам дека секој граѓанин кој ги исполнува законските услови, кој ги исполнува критериумите, ако има такви критериуми вградени во законот, тогаш, кога ќе поднесе барање, треба да му се даде дозвола.

Вака, ова останува како многу јако дискреционо право, што, како што реков, ги дели граѓаните на подобни и неподобни, што апсолутно сметам дека не е ниту во согласност со дирктивите на Европска унија или со некои стандардни или меѓународни конвенции.

Ова прашање заслужува посебно да се разговара за него, да се расправа, и верувам дека во наредниот период Министерство за внатрешни работи ќе излезе со некои пообјективизирани критериуми, поприменливи критериуми за прашањата сврзани со оружјето.

Инаку, секогаш имало отпори. Имало отпори, дискреционо право беше на Министерство за внатрешни работи да вклучува на кои граѓани ќе им дава пасоши, патни испрви, на кои ќе им одзема, на колку време, и тогаш, кога предлагавме да се промени ова, исто така имаше големи отпори. Министерство за внатрешни работи губи еден многубитен инструмент во својата работа. Практично, граѓаните да ги уценува дали ќе добијат пасош или нема да добијат.

Натаму, исто така имаше голем отпор тогаш кога предложивме испитите за возачи да не бидат во Министерство за внатрешни работи, туку надвор во авто-школите итн. И за таа работа имаше огромни отпори. Да не зборувам какви се отпори предизвика ова прашање околу оружјето, стекнување со право за поседување и носење на оружје, што исто така беше предмет долги години на анализа и имаше конкретни предлози.

Значи, до крај да се елиминира субјективизмот во Министерство за внатрешни работи. Меѓутоа, еве, во овој закон тоа прашање сега не се регулира. Не е отворено тоа прашање. Затоа сакам да го отвориме, да расправаме и да дојдеме до некое решение.

Инаку, претставникот на Владата не кажа дека овој закон е неприменлив. Не може да се спроведува. Откога го изгласаа, стариот парламентарен состав, од тогаш наваму практично тој закон не се применува. Не може да се имплементира ниту една законска одредба.

Граѓаните бараат решение како да се стекнат со ова право и тоа право до сега, во изминативе три или колку години, веќе не можат да го остварат. Не знам дали сега, со промените ќе се откочи работата или не? Мислам дека нема такви промени, не гледам во законот дека ќе се олесни процедурата, постапката. Сакам да укажам дека овој закон е еден од најсложените закони за применување. Граѓаните тешко ќе доаѓаат до ова право што е содржано во Законот. Многу е комплицирано, треба многу услуги, многу документи, многу правна помош треба. Практично, на секој граѓанин му е потребен адвокат за да поднесе едно барање, за да ги исполни сите услови што ги бараат, надвор од дикреционото право за кое што зборував.

Во оваа насока, јас сум свесен дека е можеби добро ако Владата ја продолжи истата стратегија на претходната Влада, да се намали оружјето што граѓаните го користат легално. Но, паралелно на тоа, треба да се преземат мерки да се одземе оружјето што граѓаните нелегално, слободно го носат, со кое што најчесто се извршуваат тешки кривични дела.

Околу ова прашање треба да се отвори расправа, да видиме дали оние граѓани кои поседуваат оружје се чести извршители на кривични дела и ја загрозуваат безбедноста, или пак оние кои нелегално поседуваат? Да видиме кои аргументи ќе преовладат и каква стратегија, каква политика ќе се води во наредниот период? Затоа што со ова дискреционо право што го има Министерство за внатрешни работи, јас сум сигурен дека и натаму нема а се спроведува овој закон.

Тоа значи дека правиме промени што ќе придонесат за разрешување на одделни промени, сврзани со спортско трофеини и друг вид на оружје, но основното право, повторно ќе остане тешко до него да се доаѓа.

Затоа, мислам дека треба да се отвори оваа расправа и верувам дека Владата поскоро ќе излезе со некои поинакви, поконкретни решенија за да можат граѓаните да доаѓаат до овие права. Инаку, вака, сите што досега се стекнаа со ова право, можат да го поседуваат и носат оружјето, а во иднина не може никој друг. Мислам дека треба законот и овој аспект да се гледа.

Еве толку, накусо, благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Три минути реплика на госпоѓа Младеновска Ѓорѓиевска.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Сакам да појаснам, бидејќи бев посочена дека не зборував за конкретно дискреционо овластување на министерот за внатрешни работи туку воопшто. Укажував на големиот број дискрециони овластувања на министерот за внатрешни работи, апелирајќи тие дискрециони овластувања да се користат на законит и транспарентен начин.

Тоа е основната дилема што, верувам, ја имал колегата Павле Трајанов. Не зборувам дека оправдувам одредено овластување, туку воопшто за дискреционите овластувања.

Бидејќи јас, во своите ставови, дискусии, не настапувам трендовски, во зависност од тоа дали нешто е актуелно во јавноста, или какво е јавното мислење за одредени прашања, туку го кажувам мојот став, независно од моментната позиција, но мислам дека, кога станува збор за дискреционите овластувања, треба да бидеме реални и да укажеме, независно од своите позиции, дека дискреционите овластувања се карактеристични за извршната власт. Но, треба сите заедно а се бориме за тие дискрециони овластувања, носителите да ги користат на законит и транспарентен начин, на начин што најмалку значи злоупотреба. Во тоа е основната дилема.

И претходната влада имаше, навистина многу чекори во насока на намалување и контрола на дискреционите овластувања. Многу се направи. Но, факт е дека тие не можат да се исклучат, затоа што на тој начин ќе треба да престане да функционира извршната власт. Сметам дека ова прашање многу повеќе е поврзано и со личните карактеристики на лицата кои имаат дискрециони овластувања и дека ако тие, со себе носат такви ставови што значат законито и транспарентно работење, тогаш во Република Македонија навистина нема да имаме проблеми. Ако се почитуваат законите онака како што се напишани.

Секако, го поддржувам тој процес и во иднина ако продолжи, но не гледам дека продолжува од страна на оваа Влада, иако претходната беше критикувана токму од тогашната опозиција, не гледам дека се прави нешто околу намалување на дискреционите овластувања на министрите. Но, тоа е карактеристика за секогашнава власт, да ги менува ставовите во зависност од позицијата на која што се наоѓа во моментов.

Значи, уште еднаш апелирам да бидеме реални и реално да укажуваме на проблемите ако сакаме да имаме успех.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика има господинот Павле Трајанов, повелете.

**Павле Трајанов:** Мислам дека ние се разликуваме.Јас се залагам за тоа да се укинат дискреционите права и токму во овој закон, со правата за поседување на оружје да се стекнува секој оној кој ќе ги исполнува законските услови и тогаш да не може министерот за внатрешни работи или овластениот работник да даде негативна оценка.

Барам, тоа е моето инсистирање да се разговара и ова дискреционо право да биде укинато. Не се залагам за никакво друго право.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Сега збор има господин Цветко Грозданов, повелете.

**Цветко Грозданов:** Благодарам господине претседателе.

Почитуван заменик министре,господо колеги пратеници,

На почетокот би сакал да го искажам своето задоволство што Владата и министерот за внатрешни работи нашле за можност да остварат повеќе пати, како што тука пишува над 20-тина пати дијалог со невладините организации и она што во претходниот закон, што важи до денес како негативно, го имаат одстрането. А, тоа е дека невладините организации претходно немале дијалог со претходната влада, и слабо биле применети нивните искажувања или видувања. Ќе напомнам само дека работната група што над 20-тина пати се состанала со невладиниот сектор, имале можност да ги кажат забелешките на содржината на законот, по што следувало и нормативно обликување на посочените одредби.

Околу примената на законот, моите претходни дискутанти, многу малку се задржаа. Јас ќе напомнам дека примената на законот овој пат ќе може децидно да се оствари од тоа што е веќе остварена категоризација, категоризација на оружјето во кое што ќе може точно и децидно да се знае во која категорија, кој вид на оружје припаѓа и кои личности ќе можат да го набавуваат.

Она што би сакал да го напомнам е следното, во членот 9 се предвидува обука која што за граѓаните, можеби е од најголемо значење, обука за користење на носење и транспортирање на оружјето, во која што обука, сведоци сме дека во секојдневниот печат, во изминативе денови и најголемиот број на повреди што настануваат од користење на оружје, се токму тие факти, од несовесно и нестручно користење или употреба на оружјето настанал некој немил настан, поточно имаме повреди здобиени со несоодветно ракување со оружје.

Ќе се навратам и на она што моите претходници го кажуваат за дискреционото право. Точно е дека со актите Министерство за внатрешни работи поточно началниците во СВР и УВР имаат дискреционо право при доделувањето на оружјето. Но, ќе напомнам дека оние мерки или параметри што се предвидени со самите акти, дека со поседувањето на неосудуваните, оние кои ги исполнуваат самите услови, не значи дека со самото тоа можат да го добијат тоа право, затоа што никаде не стои дека треба да има лекарски преглед, никаде не стои дали некој е психофизички способен да го користи или се здобие со ваква дозвола за носење или поседување на оружје.

Со предвидувањето за категоризацијата на оружјето, сметам дека ќе отпочне примената на овој закон и ваквиот начин на регулирање на нештата ќе доведе до либерализација, поточно примена, повлекување или купување за одреден вид на оружје. Дали тоа ќе биде трофејно оружје, дали тоа ќе биде оружје кое што ќе биде наменето за заштита или ќе биде оружје кое што ќе биде наменето за спортски активности.

Оттука, би сакал да кажам дека овој закон, овој Предлог на закон, кој што го имаме пред нас,

поточно Предлогот на закон за донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за оружје, сметам дека е целосно издржан и дека е прифатлив кај сите граѓани. Ова можам да го напоменам, од причина што и на комисиите на кои што учествував, единствено дискутабилно нешто беше околу дискреционото право. Уште еднаш ќе напомнам дека дискреционото право, сепак, секој граѓанин може да има и да ги исполнува условите, но не и да биде психофизички стабилен за да може да користи или да носи ваков вид на оружје. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи, нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за оружјето.

Молам, пратениците да си ги завземат своите места, затоа што ќе пристапиме кон гласање.

Молам, службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Ги молам координаторите на пратеничките групи да направат напор да ги контактираат пратениците, бидејќи имаме огромен број на пратеници во зградата.

Уште еднаш ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Ве повикувам да гласаме.

Во моментот на гласањето имавме 61 пратеник, гласале 60 пратеници и сите 60 гласале за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на ова седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ги молам службите уште еднаш да достават точен број на присутни пратеници.

Ве повикувам да гласаме.

За време на гласањето во салата беа присутни 62 пратеници, гласале 58 пратеници и сите 58 гласале за.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отварам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Законодавно правната комисија поднесе амандмани на член 1, член 18 ставови 4 и 5, и на член 23 став 5.

Пратениците Есад Рахиќ и Мери Младеновска-Ѓорѓиевска поднесоа амандман на член 26 став 2 по кој Владата не се произнела.

Отоврам претрес по амандманот на член 1 поднесен од Законодавно правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Рефет Елмази:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот се прифаќа од страна на Владата и станува составен дел на законот.

Првиот е член 1, поднесен од ЗПК.

**Рефет Елмази:** Се прифаќа тој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Добро.

Отворам претрес по амандманот на член 18 ставови 4 и 5, поднесен од Законодавно правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Рефет Елмази:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот се прифаќа од страна на Владата и станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 23 став 5, поднесен од Законодавно правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Рефет Елмази:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот се прифаќа од страна на Владата и станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 26 став 2, поднесен од пратениците Есад Рахиќ и Мери Младеновска Ѓорѓиевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Рефет Елмази:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот се прифаќа од страна на Владата и станува составен дел на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Во моментот на гласањето во салата беа присутни 62 пратеници, гласале 59 и сите 59 пратеници гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за оружјето.

**Минуваме на точка 20 - Предлог за донесување на закон за ратификација на дополнителниот**

**протокол кон Спогодбата меѓу Република Македонија и Меѓународната Агенција за атомска енергија за примена на гаранциите во врска со договорот за неширење на нуклеарно оружје, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлого за донесување на Предлогот за донесување на Закон.

Молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на дополнителнит протокол кон Спогодбата меѓу Република Македонија и Меѓународната Агенција за атомска енергија за примена на гаранциите во врска со договорот за неширење на нуклеарно оружје.

Ве повикувам да гласаме.

Молам, службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Во салата беа присутни 61 пратеник, гласале 57 и сите 57 пратеници гласале за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 61 пратеник, гласале 47 и сите 47 пратеници гласале за.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно правната комисија поднесе амандман на член 1, со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидјеќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен пратеник, гласале 56 и сите 56 пратеници гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на дополнителниот протокол кон Спогодбата меѓу Република Македонија и Меѓународната Агенција за атомска енергија за примена на гаранциите во врска со договорот за неширење на нуклеарно оружје.

**Минуваме на точка 21 - Предлог за донесување на закон за ратификација на ревидираниот протокол за мали количества кон договорот меѓу Република Македонија и Меѓународната агенција за атомска енергија за примена на безбедносни мерки во врска со договорот за неширење на нуклеарно оружје, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не се пријави за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на ревидираниот протокол за мали количества кон договорот меѓу Република Македонија и Меѓународната агенција за атомска енергија за примена на безбедносни мерки во врска со договорот за неширење на нуклеарно оружје.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен пратеник, гласале 56 и сите 56 гласале за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутни гласале 55. Сите 55 гласале за.

Констатирам дека е усовен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам преетресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни гласале 58. Сите 58 гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Ревидираниот протокол за мали количества кон Договорот меѓу Република Македонија и Меѓународната агенција за атомска енергија за примена на безбедносни мерки во врска со Договорот за неширење на нуклеарно оружје.

**Минуваме на точката 22 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Кралството Шведска за преземање на лица, Договор за реадмисијам, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на закнот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доствени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави господинот Есад Рахиќ, повелете.

**Есад Рахиќ:** Почитуван претседателе, драги колеги, почитувани преставници на извршната власт. Се јавив да кажам неколку збора и да сугерирам што во расправата на Комисијата за безбедност и одбрана го имавме како став за овој закон. Ќе кажам дека ќе го поддржам овој закно бидејќи е еден од законите кој што треба да се донесе во делот на приближување на Република Македонија кон полноправно членство на Европската унија. Меѓутоа сакам да кажам една мала дилема и се надевам дека господата од Министерството за внатрешни работи и Министерството за надворешни работи во соработка според стандардите и прописите што ги имаат ќе бидат внимателни затоа што со овој закон се предвидува дека сите лица затекнати на територија на Кралството Шведска кои што во одреден временски период ја напуштиле Република Македонија, иако не се од Република Македонија, Македонија има обврска со овој закон да ги врати на територија на Република Македонија и дека истите ќе бидат вратени од третата земја затоа што еден добар дел од тие лица се лица со одредено досие, криминално и слично. Сметам дека тука покрај поддршката што ја давам на овој закон како пратеник на ова Собрание сакам да напоменам дека во тој дел Министерството за внатрешни работи во соработка со Министерството за надворешни работи да води строго сметка кога ќе се враќаат овие лица да бидат проследени и во третите земји од каде што влегле во Република Македонија, односно од каде што отпатувале. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За збор се јави заменикот на министерот за надворешни работи.

**Зоран Петров:** Благодарам претседателе.

Ова прашање се поставува по втор пат во Парламентот. Се работи за стандардизиран терк, за стандардизирани норми кои што се применуваат во проблематиката на реадмисијата. Тоа е препорака од Европската унија да се вметне поглавјето за лица што се државјани на трети земји.

Во овој случај се работи за примена на еден таканаречен даблински критериум за враќање на лицата од државата од каде што отишле. Значи, ние и да не ги потпишеме овие договори за реадмисија државите ќе ни ги враќаат тие лица ќе ги враќаат на наша територија.

Целта на договорите за реадмисија е да се внесе правна сигурност. Бидејќи беше поставено и на минатата точка за договор за реадмисија со државите од Бенелукс токму истото прашање, како ние ќе го регулираме прашањето за лица што се странски државјани, а што од наша територија стигнале во дотичната држава со која што правиме договор, информирам дека се работи за стандардна процедура која што ја применуваат сите држави. Ние како држава исто така сме обврзани да го вметнеме овој член за преземање на тие лица кои што од нашата територија отишле во таа држава со која што потпишуваме договор.

Инаку да информирам дека ова е последниот билатерален договор за реадмисија. Со потпишување кон крајот на минатата година Македонија преминува во фазата на таканаречен хоризонтален договор за реадмисија со членките на Европската унија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** За реплика се јави господинот Есад Рахиќ, повелете.

**Есад Рахиќ:** Се согласувам со ова што го рече претставникот на Владата со тоа што сепак сметам кога имаме потпишан договор за реадмисија тогаш мораме да ги прифатиме. При непотпишан договор може и да се вратат назад од каде што ни ги праќаат.

Инаку, јас ќе гласам за ова, само што барав од министерствата точно да си ја применуваме одлуката и тој договор за реадмисија лицата што ќе ни ги пратат овде, ќе ни ги вратат, ние да ги трансферираме во трети земји, да не ни остануваат, затоа што има голем дел на лица со криминални однесувања и криминални досиеја. Инаку се согласувам дека ова треба да се донесе и да се гласа. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Павле Трајанов, повелете.

**Павле Трајанов:** Почитуван претседателе, почитуван заменик министер, почитувани пратеници.

Јас знам дека голем дел од пратениците имаат голем број обврски, се брзаат, меѓутоа со оглед на тоа дека се работи за исклучително важно прашање, реадмисија мислам дека сепак треба да имаме трпение и неколку работи јас да кажам.

Прво, околу исполнување на некои од важните критериуми или услови за олеснување на визниот режим или за доближување до стандардите на Европската унија меѓу другото Република Македонија е обврзана прво да обезбеди интегрално гранично управување со преземање на полицијата на граничното обезбедување од страна на Армијата на Република Македонија, како и модернизација на граничните премини се со цел да се спречува нелегално минување на границата.

Втора работа која исто така ја бараат е подобрување на квалитетот на пасошите. Овде сакам да нагласам дека шест или седум години Република Македонија работи на подобрување на квалитетот на пасоши, а сеуште таа работа не е направена. Оваа Влада продолжи еден договор, значи да го спроведе договорот за определување која фирма ќе ги подготвува пасошите и се надеваме дека не е направен погрешен избор, бидејќи тој систем што треба да функционира е доста сложен и можеби и натаму ќе ги комплицира работите околу квалитетот на пасошите, или ќе ја отежне работата на службите, а и граѓаните многу тешко ќе доаѓаат до своите пасоши. Но да очекуваме дека овој критериум за повисок квалитет на заштита или повисок степен

на заштита ќе се обезбеди соновите пасоши кои што очекуваме за некој ден да бидат промовирани и да почнат граѓаните да ги добиваат.

Сигурно дека третата и најбитна работа е договорите за реадмисија.

Од страна на Министерството за надворешни работи пред пет, шест или седум години тврдеа дека подобро е Македонија да склучува поединечни договори со секоја држава членка на Европската унија наспроти некои други ставови од Министерството за внатрешни работи за кои што сметавме во тоа време дека е добро да склучиме еден договор со Европската унија за реадмисија и на тој начин ќе го решиме ова прашање.

Ако имаме предвид дека Република Македонија склучила веќе 22 вакви договори, ова е последниот договор со Европската унија или со 18 земји веќе вакви договори, тогаш сосема е јасно дека Република Македонија ги исполни основните критериуми кои што ги бараше Европската унија за олеснување на визниот режим и за доближување до стандардите на Европската унија.

Ова го зборувам од причини што сметам дека Република Македонија мора да има поофанзивна политика во барањето за олеснување на визниот режим бидејќи не одат две работи едновремено. Да бидеме изолирани како држава од сите страни, да ни се потребни куп документи за да обезбедиме виза за да патуваат нашите граѓани, студенти и бизнисмени и друга категорија на граѓани, а од друга страна да се инсистира побрзо да чекориме кон стандардите на Европската унија. Затворањето или неможноста граѓаните да комуницираат и слободно да се движат идеи, граѓани и капитал тоа не оди заедно со очекувањата на Европската унија. Затоа треба ние да инсистираме колку што е можно повеќе ако не побрзо вклучување во Европската унија и станување полноправен член барем да се обезбеди олеснување на визниот режим, ако не друго за студентите, за бизнисмените и за сите оние што имаат потреба да патуваат во другите држави. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок. Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Кралството Шведска за преземање на лица, договор за реадмисија.

Ги повикувам пратениците да ги заземат своите места затоа што наскоро ќе пристапиме кон гласање.

Ги молам службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата.

(Присутните пратеници чекаат во салата да се создаде кворум)

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, сите 65 гласале за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, сите 63 пратеници гласале за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, сите 62 пратеника гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе законот.

**Минуваме на точка 23 - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем и финансирање, наменет за забрзување на развојот на мали и средни претпријатија во Република Македонија (Фаза 3), кој ќе се склучи меѓу Македонската банка за поддршка на развојот и Кредитната банка за обнова од СР Германија, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на закон и извештајот на Законодавно-правната комисија ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави заменикот министер за финансии, повелете.

**Предраг Петрески:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Собранието на Република Македонија го донесе Законот за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем и финансирање, наменет за забрзување на развојот на мали и средни претпријатија во Република Македонија (Фаза 3), кој ќе се склучи меѓу Македонската банка за поддршка на развојот и Кредитната банка за обнова од СР Германија.

Во членот 7 е наведено дека Министерството еднократно наплатува провизија од 0,5% од номиналниот износ и тоа пред склучување на договорот.

Во меѓувреме, Уставниот суд на Република Македонија пред донесувањето на овој закон во Собранието го укинува членот 22 од Законот за

јавен долг, што всушност го укинува основот за постоењето на член 7 во овој закон, така што се предлага членот 7 од Законот за изменување на Законот за гаранција да се избрише. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор господинот Љубисав Иванов Ѕинго. Повелете.

**Љубисав Иванов Ѕинго:** Овие кредити се даваат под исклучително поволни услови од земјите кредитори, како што е Германија, со долги рокови на враќање и многу ниски камати. Меѓутоа, Министерството за финансии треба да разговара со Банката за обнова и развој овие кредити да се пласираат под исти услови кај инвеститорите или на тие услови да се додадат само трошоците на банките.

Инаку, досегашната пракса зборува, ако кредитот е со 2% камата, рок на враќање 20 години, се даваат на одредени банки и тоа не се оди на тендер, туку се даваат на банки кои имаат влијание и тие банки ги пласираат тие средства дури и со 10-15% камата и рокови на враќање од 3 до 5 години. Затоа, треба да се направат напори овој случај да не се повторува во Македонија, затоа што пласираните средства под такви услови практично не ќе можат да се враќаат и нема успешни инвестиции. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор господин Есад Рахиќ, повелете.

**Есад Рахиќ:** Благодарам.

Почитуван претседателе, драги колеги пратеници, почитуван заменик министер,

Само како поддршка на ова што го кажа господинот Љубисав Иванов Ѕинго, ова се извонредно поволни кредити кои банките што ги сервисираат се избрани се претпоставува од Владата, Министерството за финансии и Народната банка, не знам по кој основ, ги мултиплицираат, така што за овие поволни кредити наместо да биде обврската на банката со 1% да ги покачи заради сервисирање, тие ги качуваат со неколку проценти. Она што е најинтересно, бидејќи државата е гарант, истите тие банки ги земаат под многу понеповолни и потешки услови гаранциите од фирмите кои бараат заеми, така што имотот кој што го ставаат го обезвреднуваат и поради неможност ...

Мислам дека е коректно ако правиме кворум да можеме и да се слушнеме за една минута. Ова го барав затоа што јас сум бил сведок на една успешна фирма која што зема ваков кредит кој требаше да биде даден, како што кажа господинот Љубисав Иванов Ѕинго на повеќе години и со мала камата, рокот на враќање беше скратен на 4 години, каматата беше дигната повеќе од 10% и успешна фирма која имаше 70 вработени сега е затворена. Ако е тоа економската програма "Сто чекори", да не можеме да се чуеме, а станува збор за сериозен предлог, тогаш навистина не знам за што седиме овде.

Јас ќе го поддржам овој Предлог, со тоа што исто како и господинот Љубисав Иванов Ѕинго инсистирам Министерството за финансии, тука е и министерот, да ги преиспитува условите под кои Банката за обнова и развој преку своите банки и коминтенти кои го сервисираат овој кредит ги издаваат на крајните корисници. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем и финансирање, наменет за забрзување на развојот на мали и средни претпријатија во Република Македонија (Фаза 3), кој ќе се склучи меѓу Македонската банка за поддршка на развојот и Кредитната банка за обнова од СР Германија.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, сите 62 пратеника гласале за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Ги молам службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата.

Константирам дека во салата има доволен број пратеници.

Гласале 59 пратеници, сите 59 пратеници гласале за.

Константирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Молам службите уште еднаш да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Константирам дека има доволен број пратеници.

Гласале 60 пратеници, сите 60 пратеника гласале за.

Константирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем и финансирање, наменет за забрзување на развојот на мали и средни претпријатија во Република Македонија (Фаза 3), кој ќе се склучи меѓу Македонската банка за поддршка на развојот и Кредитната банка за обнова од СР Германија.

**Минуваме на точка 24 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за денационализација, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештајот на Законодавно-правната комисија Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Процедурално, има збор госпоѓата Роза Топузова Каревска. Повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе.

Со оглед дека следуваат закони кои се многу значајни, очекувам по нив да се развие дебата, како што се Законот за денационализација, Финансирање на единиците на локалната самоуправа, сработката со Меѓународниот кривичен суд, а со оглед на тоа што само пред 15 минути добивме итни писма до координаторите на пратеничките групи од Здружението на работници со над 25 години стаж кои веќе 22 дена се пред Собранието, јас не би сакала на ова да давам популистичка конотација, но тие бараат да се сретнат со координаторите на пратеничките групи, јас би замолила сега да дадете пауза до 15,00 часот, вклучувајќи ја и редовната пауза, за да можеме да се сретнеме и да видиме, моожеби ќе најдеме некое компромисно решение и овие луѓе конечно еднаш да се тргнат од пред Собранието, значи да ги скратиме нивните маки и да поразговараме со нив, а потоа да можеме активно да учествуваме во дебатата по овие точки кои се од големо значење. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Во тој случај ќе продолжиме во 15,00 часот.

(Пауза од 13,41 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,10 часот)

**Иван Анастасовски:** Почитувани колеги продолжуваме со работа.

Има збор пратеник госпоѓа Стефановска Анета, повелете.

**Анета Стефановска:** Прво се јави министерот.

**Иван Анастасовски:** Се извинувам.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, денес на дневен ред имаме измени и дополнувања на Законот за денационализација, значи Предлог за донесување закон, со Предлог на закон.

Основна цел за донесување на Законот за денационализација, во сега веќе далечната 1998 година, беше обештетување на поранешните сопственици за имотите одземени со присилни прописи и исправање на историската неправда која што беше нарпавена со присилно одземање на нивните имоти. Но, истовремено Законот беше конципиран, така што обештетувањето на поранешните сопственици, односно нивните наследници требаше да биде сообразено со можностите на државата и врз таква основа се засновани одредбите на законот и подзаконските акти кои предвидуваат обештетувањето да се врши не по пазарна вредност, туку врз основа на вредности што ги утврдила државата, таканаречени административни цени. Постапката за денационализација се темели и се води според одредбите на Законот за општа управна постапка.

Пред да преминам на образложување на основните решенија сега со овој предлог за изменување и дополнување на Законот за денационализација, дозволете да изнесам некои факти за досегашното одвивање на процесот на денационализација. Според член 15 од Законот, по барање за денационализација одлучува министерот за финансии кој може да формира една или повеќе комисии за обучување по барање за денационализација.

За таа цел, во почетокот на спроведувањето на постапката за денационализација во август 2000 година беа формирани 16 комисии за денационализација по региони и подрачја, кои подоцна се редуцирани со рационализација на 13 комисии, со зголемен број на членови на тие комисии.

Сакам да спомнам дека со доа ѓањето на новата Влада на Република Македонија се даде посебен акцент, односно еден од приоритетите беше забрзување и довршување на процесот на денационализација. За таа цел, зајакнати се сите регионални комисии кои што се во надлежност на Министерството за финансии, тие вклучуваат вработени од Министерството за финансии, кои што до сега учествувале во овој процес од подрачните единици на органи на државната управа, експерти од надвор, млади правници и слично.

Од друга страна сакам да ве известам дека со одлука на Владата на Република Македонија, заради големиот број нерешени предмети пред второстепената комисија за денационализација, која што е при Владата на Република Македонија, бројот на членови на Комисијата е зголемен петкратно. Од 5, на 25, така што таа Комисија која што затекна 2000 нерешени предмети, еден комплициран процес, забрзано ги решава предметите од втор степен.

Практичната примена на законот за денационализација, како што реков отпочна од септември 2000 година.

Според член 51 од Законот во управна постапка, барање за денационализација можат да поднесат до 7 мај 2005 година. По овој рок може,според одредбите од Законот во тужба, во парнична постапка пред надлежен суд да се бара плаќање на надомест, а враќање на имот само ако нема правни или фактички пречки.

Министерството за финансии,односно Комисијата што го координир апроцесот и го надгледува изготви анализа, која што ја презентираше пред Владата за прогресот на овој процес, со податоци заклучно до крајот на минатата година. Во овие изминати 3 месеци имаме значителен напредок, но затоа што процесот е децентрализиран, не би можел во овој момент да ви презентирам точни податоци. Можеби во некоја друга прилика за

последните три месеци. Генерално можам да ве уверам дека навистина се работи забрзано. Комисиите се мотивирани, постои политичка волја процесот да се забрза и да се доврши, затоа што станува збор за историски процес. Реков во една прилика дека е време да завршиме со работите кои што не примораа да гледаме наназад, да решаваме наследени пробелми со децении и време е да создадеме услови да погледнеме напред.

Имено, самото довршување на процесот на денационализација е од клучна важност за нормално функционирање на пазарите за земјиште во Република Македонија и на пазарот за недвижности. Два клучни пазари во една пазарна економија.

Заради некои комплицирани состојби на терен, не решени предмети и ситуации во од се судираме со проблеми кога ќе се јави интерес на некој инвеститор домашен или странски од аспект на потребата за јасни сопственички права врз одредена парцела, или врз одреден имот. Оттаму е целокупниот овој напор и интерес процесот да се забрза и да се приближува кон својот крај.

Само сакам да истакнам во рамките на комисиите, заради специфичноста на предметите и заради чувствителноста и односот кон верските заедници и нивните побарувања за имот, одземен со присилни прописи од минатото, една од комисиите е специјализирана да работи единствено на предмети кои што се однесвуаат на верските заедници во Република Македонија.

Сакам да ве информирам дека до крајот на декември 2006 година во управна постапка, односно до комисиите, во органите за денационализација вкупно се примени 22.809 барања.

Во периодот од септември 2000 година, до крајот на 2002 година се поднесени 9.000 барања. Тоа беше првата фаза. Додека во периодот од јануари до мај 2003 година се поднесени над 10.000 барања. Во мај 2003 година бројот на поднесените барања изнесува околу 3 илјади. Процесот на денационализација се одвива со различен интензитет.

До крајот на декември 2006 година се донесени решенија по 15.696 барања, или 68,8% од вкупно поднесените барања, чии што број изнесуваше 22.809. Од нив, 8.936 се решенија со кои се уважуваат барањата. 3.866 се решенија со кои се одбиваат барањата, а 2005 се комбинирани решенија, односно дел од барањето е уважено, а во дел се одбиваaат. Во останатите 899 барања донесени се заклучоци со кои се прекинува постапката или постапката била запрена.

До крајот на 2006 година конечно се решени 10.306 барања за денационализација. Или 45,2% од вкупно поднесените барања. Со правосилни решенија е вратен денационализиран имот во следнава форма. Мислам дека тоа ќе ве интересира. Станбен простор 23.148 метри квадратни. Деловен простор 36.213 метри квадратни, градежно земјиште 4.574.584 м2, земјоделско земјиште 107.402.669 м2 и шумско земјиште во висина од 25.213.721 м2.

Од вкупно донесените решенија со кои барањата се уважени, односно делумно уважени, а за имот кој не може да се врати, бидејки не постои или преминал во сопственост на други физички или правни лица, донесени се 3.709 решенија, со кои е определен надомест во вид на обврзници со вкупен износ од 16.897.306 .337 денари. Меѓутоа, сите решенија сеуште не се станати правосилни.

Со петте емисии на обврзници што до сега се издадени за решенијата кои станале правосилни до крајот на 2005 година вкупниот износ на надомест што е определен изнесува над 180 милијони евра. Во тек е постапка за емитување, тоа се случи и деновиве на шесттата емисија на обврзници за решенија кои станале правосилни до крајот на 2006 година, а кои ќе изнесува 18 милиони евра во денарска противвредност.

Запишувањето на обврзниците на име на барателите го врши органот за денационализација.Надлежните комисии по службена должност пред надлежниот орган за нивно евидентирање и сервисирање, а тоа е Централниот депозитар за хартии од вредност.

Почитувани пратеници, реков дека постапката за денационализација се темели според одредбите од Законот за општата управна постапка. Меѓутоа, Законот уште при неговото донесување предвиде решение, кое опстојува се до денес. По истекот на рокот за поднесување барање за денационализација во управна постапка, барање за денационализација за враќање на имот, ако нема правни и фактички промени за плаќање надомест, да се остварува во судска постапка, за што всушност, Законот за денационализација, предвидел две постапки за одлучување по барањата за денационализација. Значи, едната управна, другата судска.

За ваша информација, подвлекувам по 7 мај, 2005 година, откако истече рокот конечен за поднесување на барања за денационализација, се до ден денес, единствено барање за денационализација или правото за денационализација може да се остварува единствено по судска постапка.

Законското решение, одлучувањето по барањата за денационализација да се врши во две постапки, управна и судска, се оцени дека треба да се преиспита и измени, бидејќи граѓаните ги доведува во нерамноправна положба и би било на штета и за државата Република Македонија. Во нерамноправна положба би ги довело граѓаните, со тоа што во судска постапка сами ги прибавувале доказите, кои во управна постапка се прибираат по службена должност. Би пкаќале такси во парнична постапка, а во управна постапка не се плаќаат такси. Едните биле обештетувани со административни цени во управна постапка, а другите по пазарни цени во судска постапка, поради што се предлага овој Предлог за измени и дополнувања на Законот измена на членот 49 во кој се вградува решение,

според кое барањето за денационализација да се остварува само во управна постапка.

Со анулирање на можноста барањата за денационализација да се остваруваат со судска постапка, со измена на членот 49 во истиот член се дава можност барањата да се остваруваат во управна постапка со продолжување на рокот до 31 декември 2007 година, во кој рок правото да се поднесе барање за денационализација, односно по кој рок правото да се поднесе барање за денационализација престанува.

Почитувани пратеници, со стапувањето во сила на овој закон се дава можност сите граѓани на Република Македонија кои според Законот имаат право да поднесат барање за денационализација, тоа да го остварат во управна постапка.

Значи, сите граѓани кои што заради најразлични причини, можеби заради проблеми со прибавување на потребната документација, неажурност на државните органи, или со сопствена попреченост, не поднеле барање за денационализација, ќе можат до 31 декември 2007 година да поднесуваат барања, кои што комисиите нужно, должно ќе ги разгледуваат и ќе ги решаваат.

Вградувањето на решение за престанување да се поднесе барање за денационализација до 31 декември 2007 година се наложи од потребата на заокружување на процесот на денационализација, што е втората цел на овој Предлог на закон.

Имено, се цени дека досегашните рокови за поднесување на барање за денационализација, прво рокот од пет години по влегување на сила на Законот, потоа седум години барање за враќање на имот, доколку во меѓувреме настапиле правни и фактички промени и сега со продолжување на рокот до 31 декември 2007 година се сосема доволни поранешните сопственици, односно нивните наследници да ги остварат своите права за денационализација и процесот на денационализација не би требало да се одвива безконечно. Ова двојно обврзува. Значи, ги обврзува граѓаните на Република Македонија, кои што сеуште сметаат дека имаат некое побарување кое што произлегува од Законот за денационализација, барањата да ги поднесат во управна постапка до комисиите за денационализација до 31 декември 2007 година. Останува одговорноста на органите, на комисиите на Владата на Република Македонија со давање на приоритет за завршувањето на овој процес барањата да се решат брзо и ефикасно, праведно на задоволство на граѓаните.

Сакам исто така, да апострофирам дека Законот за денационализација на Република Македонија е еден од најлибералните закони, како во однос на материјалните одредби, така и во однос на рокот за поднесување на барање за денационализација, споредени со законите за денационализација на другите земји во транзиција, од кои некои се економски многу помоќни од Република Македонија.

Со решенијата во Предлогот на законот нема да се загрози остварувањето на правото за денационализација, а истовремено би се заштитиле интересите на државата. Доколку се задржи постојното решение за одлучување на барање за денационализација во судска постапка, би се довело во ситуација да плаќа пазарен надомест, кој би припаѓал на товар на Буџетот на Република Македонија, да ги плаќа сите судски трошоци со парнична постапка со кои би се уважиле барањата за денационализација, со тоа што процесот за денационализација би се одвивал во недоглед, што не смее да се дозволи. Тоа не се случило во ниту една земја во транзиција, затоа што многу побрзо, многу поефикасно и многу порестриктивно се пријде кон овој процес, одошто Република Македонија.

Сметам дека решенијата во Предлог-законот се прифатливи за граѓаните, дека со продолжување на рокот за поднесување на барање за денационализација им се дава можност за остварување на нивните права, посебно имајќи предвид дека од различни причини не поднеле барање во досегашниот рок од седум години. Дека со предложените решенија ќе се респектираат економските можности на државата и дека ќе биде изгласан законот и донесен од Собранието на Република Македонија. Благодарам на вниманието.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам почитуван министер.

Бидејќи нема повеќе пријавни за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на Законот за денационализација.

Пред да ве повикам да гласаме, сакам да ги повикам пратениците да влезат во салата, да ги заземат своите места, бидејќи ќе пристапиме кон гласање.

Ги молам службите да го утврдиме точниот број на пратеници кои се присутни во салата.

(нема доволно)

Ги молам пратениците да влезат во салата, ќе пристапиме кон гласање.

(минуваат минути на чекање)

Ги молам службите да го утврдиме точниот број на пратеници, а пратениците да седнат на своите места да можеме да се изброиме.

(пак минуваат минути на чекање)

Почитувани колеги ќе објавам пауза 15 минути, ќе ги замолам координаторите на пратеничките групи да обезбедат доволен број на пратеници да гласаме.

(Пауза од 15,41 часот)

(По паузата седницата продолжи во 16,09 часот)

Со седницата продолжи да раководи господинот Бесим Догани, потпретседател на Собранието.

**Бесим Догани :** Ги повикувам пратениците да влезат во салата и да си седнат на своите места ќе пристапиме кон гласање на заклучокот.

(минуваат минути на чекање).

Уште еднаш ги молам пратениците да ги заземат своите места, а службите да ни достават точен број на присутни пратеници.

(службите ги пребројуваат пратениците).

(нема доволен број - пак минуваат минути на чекање)

Ги молам службите уште еднаш да ни достават точебн број на пратеници, бидејќи голем број на пратеници сега влегоа во салата.

(нема доволен број)

(минуваат минути на чекање)

Госпоѓа Мери Младеновска-Ѓорѓиевска бара процедурално, повелете.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Почитуван потпретседателе, од она што денес се случува во Парламентот, навистина морам да укажам дека апсолутно од претседавачите не се води соодветно седницата, бидејќи денеска во текот на денот имавме можност да бидат тука како претседавач и претседателот на Собранието и двајцата потпретседатели и мислам дека со тој начин на работа директно се нарушува угледот на Собранието и пред македонската јавност се создава слика дека Парламентот не работи и дека пратениците не работат.

Ако претходно беше познато дека на денешниот ден во организација на Клубот на жените парламентарки и СОЖМ е организиран семинар кој се однесува на правата на жената, ако денес беше познато дека беа закажани голем број на комисии кои расправаа по точки кои се на дневен ред на седницата наредниот понеделник и ако беше познато дека денеска истекува рокот за поднесување амандмани по тие точки од дневниот ред, а тука има навистина многу сериозни закони од кои факт е дека еден дел се Предлог за донесување закони, но еден дел се и Предлог закони, што значи дека треба да се поднесат амандмани, мислам дека беше несериозно да се инсистира по секоја цена да се одржи седницата, а најголем дел од работниот ден да се врши притисок врз пратениците да се симнат од седници на комисии и да дојдат овде во салата за да може да се одвива чинот на гласање.

Значи, треба да напоменеме дека пратениците се тука, посебно пратениците од опозицијата кои, иако во моментот не се во салата, горе се во пратеничката група и пишуваат амандмани, работат амандмани и се на седници на комисии и на семинарот кој се одвива, затоа мислам, имајќи ги предвид овие збиднувања треба соодветно да се реагира и ако не може да се обезбеди кворум за работа, да не создаваме вештачки слика дека не работиме, туку претседавачот да постапи соодветно на состојбата што се случува во Парламентот.

Иако сме тука и работиме, учествуваме во дискусии, ги поддржавме законите за кои еве се гласаше во текот на денот, меѓутоа, гледате што е ова што се случува, постојано седницата се отпочнува, се одлага за 10-15 минути кога имаме сознанија дека недостасуваат 9, 5 или повеќе број на пратеници.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Денеска имаше објаснување од претседателот на Собранието дека во текот на денот освен работата на комисиите, имаше и Конференција од страна на Сојузот на жените, така што навистина имавме неколку пати проблем со собирање на кворум.

Мислам дека во моментот имаме доволен број на пратеници, но сепак би ги повикал службите уште еднаш да ни достават точен број на приступни пратеници.

(службите ги пребројуваат пратениците)

Во салата се присутни 61 пратеник.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 пратеник, за заклучокот гласаа 55, сите 55 гласаа за.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Пред да ве повикам да гласаме уште еднаш да го потврдиме бројот на присутни пратеници во салата .

(службите ги пребројуваат пратениците)

(нема доволен број)

Бидејќи неколку пратеници излегоа од салата, немаме доволен број за гласање, тука ја заклучувам денешната седница.

Утре продолжуваме во 11,00 часот со новата седница за поставување пратенички прашања.

(Седницата прекина со работа во 16,22 часот)